Проект за воспоставување на систем за управување со опремата контаминирана со ПХБ во Република Македонија

ВОВЕДНА РАБОТИЛНИЦА
Охрид, 25-26 Септември 2007

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Итно вклучување на сите засегнати чинители (Владини и невладини организации, индустрија, итн.) во процесот на управување со ПХБ;

2. Формирање на јадро во секоја засегната институција/инсталација кое ќе биде одговорно за перманентна детерминација и контрола на ПХБ. Селектираните лица/тимови треба да бидат во постојана комуникација со МЖСПП /Канцеларијата за POPs;

3. Примена на искуството стекнато во демонстрационите компании во текот на ППП-програмата кај идниот проект за управување со ПХБ во Република Македонија;

4. Воспоставување на прелиминарен пилот-систем за идентификација, инвенторизација и известување во демонстрационите компании со цел да се забрза стартот на GEF MSP во координација на МЖСПП/Канцеларијата за POPs;

5. Организација на програма за обука во врска со новата национална регулатива за управување со ПХБ за потенцијалните чинители (индустрија, Државен инспекторат за животна средина, итн.);

6. Организација на платформа за постојана комуникација помеѓу сите засегнати чинители, под водство на јадрата формирани во секоја засегната институција (точка 1), а во соработка со МЖСПП/Канцеларија за POPs, со цел да се забрза (подобри) изработката на водич, прирачник, и други алатки за подигање на јавната свест;

7. Воспоставување на силна мрежа за размена на информации, сознанија и искуства меѓу засегнатите чинители (Владини и невладини организации, индустрија, приватен сектор итн.) во координација на МЖСПП/Канцеларија за POPs;

8. Изработка на студии за негативното влијание на ПХБ врз директно експонираните чинители (професионалците) и другите вулнерабилни групи од хуманата популација од страна на национална здравствено-научна институција (РЗЗЗ).